# Билтен

*Мај '07*

*Состанок на think-tank организациите.....................................................................п.2*

*Патот кон просперитетот (книга од авторот Marc A. Miles) наскоро..........................п.2*

*Институтот Охрид ја издаде книгата "Следните граници на Европа" на Европскиот комесар за проширување Г-дин Оли Рен ...................................................…………...п.3*

*Институтот Охрид организираше предавање на тема " Застапување и Лобирање во политиката " кое го одржа Г-дин Кенет Брикер директор на ИРИ за Србија .........п.3*

*Институтот Охрид објавува отворен повик за примање на текстови за првиот број на списанието " Глобал"……………………………………….......………………...…..п.4*

*Институтот Охрид ги презентираше резултатите од спроведената Анкета во месец Март....................................................................................................……….п.4-5*

*Институтот Охрид организираше предавање на тема " Бугарија, Македонија и проширување на Е.У. " кое го одржа Г-дин Иван Крастев Претседател на центарот на Либерални Стратегии од Софија.............................. ............................................п.6*

*Институтот Охрид организираше Промоција во Универзитетот на Југоисточна Европа на две книги на Др. Ветон Латифи............................................................п.7*

## На ден 13.12.2007 година во просториите на Охрид Институтот се одржа состанок на Think-Tank организациите

Состанокот се одржа во просториите на Институтот за економски стратегии и мегународни односи “ОХРИД”. на **13.12.2006 година**

Целта на состанокот беше, заедничко работење на следниве точки:

1. Дефинирање на листата на тинк-тенкови, кои ќе бидат членови на мрежата и условите за прием на нови членови;
2. Дефинирање на барање на Институтот отворено општество за спонзорирање на веб страна на мрежата и изработка на лого;
3. Утврдување на тема и термини за заеднички настан во текот на следната година;
4. Разно





## “ Патот кон Просперитетот “ (книга од авторот Marc A. Miles) наскоро

Издавањето на книгата “ Патот кон Просперитетот “ од страна на авторот Marc A. Miles е во план за во блиска Иднина.



**Институтот Охрид ја издаде книгата “ Следните граници на Европа “ од Европскиот комесар за проширување Г-дин Оли Рен**




**Институтот Охрид организираше предавање на тема “ Застапување и лобирање во политиката “ кое го одржа Г-дин Кенет Брикер директор на ИРИ за Србија.**

Кенет Е. Брикер е Директор на Меѓународниот Републикански Институт во Србија, кадешто управува со програмите за развој на политичките партии, комуникација со владата, развој на локалната самоуправа и граѓанското општество. ИРИ работеше заедно со Демократската Партија (ДП) и со нејзиниот лидер, Борис Тадиќ, за време на неговата успешна претседателска кампања во јуни 2004 год.

Пред доаѓањето во Србија, Брикер работеше како Директор на програмата на ИРИ во Хрватска, кадешто спроведе обука за управување со кампањи за хрватските политички партии и беше одговорен за програмите за обука во доменот на комуникациите за хрватските владини функционери. Брикер исто така работеше и со хрватските медиуми преку Младинскиот Новинарски Клуб (Young Journalists Club -YJC) на ИРИ. Хрватските новинари кои учествуваа во програмата имаа обука од ИРИ за усовршување на нивните професионални способности, на истражувачките техники за известување и уредувачко проценување. YJC прерасна во уникатна успешна приказна од областа на реформите. Неколкумина од главните уредници во одделот за вести на РТЛ-Хрватска -првата хрватска независна телевизиска мрежа, се членови на YJC.

## Институтот Охрид објавува отворен повик за примање на текстови за првиот број на списанието “ Глобал “

“ГЛОБАЛ” е тематско тримесечно списание за политичко-општествени и економски теми, издавано од страна на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи-ОХРИД. Редакцискиот одбор на списанието ГЛОБАЛ објавува отворен повик за текстови за првиот број, на главните теми:

- Политички развој
- Економски перспективи

Би сакале да им укажеме на потенцијалните автори дека темите можат да се обработат во различен контекст, и тоа во нивната македонска, регионална или глобална димензија.

Намерата на уредниците е ова списание да претставува форум за дискусии, дебати и преформулирање на клучните прашања од таа област.

“ГЛОБАЛ” се стреми кон промоција на најквалитетните истражувачки трудови од секој домен на економијата и политиката, без предрасуди во однос на методологијата или на техниките на анализа кои се користени. Уредниците поддржуваат поднесување на текстови за секакви теми од интерес во било кое поле на економијата и политиката со цел да дадат практичен придонес во таа област и да го прошират влијанието и нивната примена во праксата.

## Институтот Охрид ги презентираше резултатите од спроведената Анкета во месец Март.

Институтот за Економски Стратегии и Меѓународни Односи-Охрид, спроведе анкета во однос на некои економски показатели, нивотот на развиеност на пазарната економија и насоките во кои се движи Република Македонија. Граѓаните се изјаснија за нивните приоритети во однос на политичката клима и економскиот развој. Како најважни заклучоци од спроведената анкета се следните:

- Македонските граѓани воглавно имаат оптимистично мислење за постоечката ситуација и за иднината на Македонија. 30% од испитаниците на анкетата изјавија дека Македонија “се движи во правилна насока” споредено со 26% кои веруваат дека Македонија се движи во ”погрешна насока”. Близу една осмина (18%) веруваат дека

нивното семејство економски напреднало во споредба са последните четири години и една седмина (14%) имаат оптимистично мислење за екномската иднина на државата.

- Додека позитивното мислење се зголемува во државата, од големо значење за граѓаните се и економските прашања. Речиси за осум од десет испитаници (79%), невработеноста, економската криза и нискиот стандард се најважниот проблем со кој се соочува Македонија денес.

- И покрај овие економски проблеми, мал е бројот на испитанци кои (16%) планираат да ја напуштат Македонија за да ја подобрат нивната перспектива. 8% планираат да се иселат во друга држава, а останатите 8% планираат привремена работа во странство, но нема да емигрираат. Оваа целна група се помладите лица и најбараните дестинации се САД, Германија, Италија, Австралија и Грција.

- Во однос на економската и социјалната политика, во македонската јавност постојат поделени и спротивставени мислења. Тоа открива силни ставови од продолжување на ослабнувањето или влошувањето на економијата и нејзиното влијание врз економскиот и социјалниот живот на граѓаните на Македонија. Испитаниците покажуваат силна поддршка (над 60%) за слободна пазарна економија во државата и цврсто верување дека индивидуалната одговорност го определува успехот и неуспехот на личноста во општеството. Исто така, тие ги поддржуваат и елементите на цврста национална политика за контролирање на ефектите на слободната пазарна политика во заштита на индивидуата.

- Македонските граѓани ги поддржуваат странските инвестиции во државата и веруваат дека меѓународните компании ќе работат во интерес на македонското општество.

- На политички план, македонскиот електорат се стреми да ја дефинира личната определба како “десна” и ”централна” политичка припадност, но кога се поставува прашањето за политичката разлика помеѓу “десница” и ”левица”, воглавно не се во можност да ги разликуваат. Ова ја открива неспособноста на политичките партии да му ги предадат на електоратот јасно позициите на своите партии, особено во врска со економските и социјалните програми.

**Институтот Охрид организираше предавање на тема: “ Бугарија, Македонија и проширувањето на Е.У. “ кое го одржа Г-дин Иван Крастев Претседател на центарот за Либерални Стратегии од Софија.**

Иван Крастев е политички аналитичар и Претседател на Центарот за либерални стратегии од Софија, Република Бугарија. Од 2004 година г-дин Крастев е извршен директор на Меѓународната Комисија за Балканот чиј претседавач е поранешниот премиер на Италија, Џулиано Амато. Тој е директор на проектот Open Century на Централниот Европски Универзитет во Будимпешта. Од 2006 година, Иван Крастев е член на Светскиот Младински Лидерски Форум, кој е организационен партнер на Светскиот Економски Форум. Во текот на изминатата деценија бил член на Универзитетскиот колегиум на St. Anthony College, Оксфорд; Woodrow Wilson Центарот за Меѓународни Стипендисти во Вашнгтон; Wissenschaftskolleg, Берлин; Институт за Федерализам, Универзитетот Фрибург, Швајцарија; Institute for Humman Science, Виена.

Негови последни издадени публикации на англиски јазик се: De-Balkanizing the Balkans: The State of the Debate, во списанието “The International Spectator”, презентирана 2000; The Balkans: Democracy Without Choices, во Journal of Democracy, јули 2002; “Corruption, Anti-Corruption Sentiments, and the Rule of Law, во “Reshaping Globalization, Multilateral Dialogues и New Policy Initiatives”, издадена 2003 година; *“Shifting Obsessions: Three Essays on the Politics of Anticorruption, CEU Press, 2004* година.

Книгата ***The Anti American Century*** од уредниците Алан МкФерсон и Иван Крастев е издадена во 2006 година од CEU Press.

Иван Крастев е главен уредник и на бугарското издание на списанието “Foreign Policy”.

Иван Крастев редовно пишува за електронските списанија: ***Journal of Democracy, openDemocracy*** и ***Europe’s World.***

## Институтот Охрид организираше промоција во Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово на две книги на Др. Ветон Латифи

IMPRESSUM:

Publisher: Ohrid Institute for Economic Strategies and International Affairs

Executive Director: MA Билјана Јанева

Ul. Dimitrije Tucovic 24,
1000 Skopje
Republic of Macedonia

Telephone/Fax: +389 2 322 44 57

oi@oi.org.mk
www.oi.org.mk